**20232694635**

## СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Врз основа на членот 75, ставови 1 и 2 од Уставот на Република Северна Македонија, претседателот на Република Северна Македонија и претседателот на Собранието на Република Северна Македонија издаваат

## УКАЗ ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ЗАДОЛЖУВАЊЕ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА СО ЗАЕМ КАЈ МЕЃУНАРОДНАТА БАНКА ЗА ОБНОВА И РАЗВОЈ - СВЕТСКА БАНКА ПО ДОГОВОРОТ ЗА ЗАЕМ ЗА ФИНАНСИРАЊЕ НА ВТОРИОТ ПРОЕКТ ЗА УНАПРЕДУВАЊЕ НА СОЦИЈАЛНИТЕ УСЛУГИ

Се прогласува Законот за задолжување на Република Северна Македонија со заем кај Меѓународната банка за обнова и развој - Светска банка по Договорот за заем за финансирање на вториот проект за унапредување на социјалните услуги,

што Собранието на Република Северна Македонија го донесе на седницата одржана на 13 декември 2023 година.

Бр. 08-6483/1
13 декември 2023 година
Скопје

Претседател на Република
Северна Македонија,
**Стево Пендаровски,** с.р.

Претседател
на Собранието на Република
Северна Македонија,
м-р **Talat Xhaferi,** с.р.

## ЗАКОН ЗА ЗАДОЛЖУВАЊЕ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА СО ЗАЕМ КАЈ МЕЃУНАРОДНАТА БАНКА ЗА ОБНОВА И РАЗВОЈ - СВЕТСКА БАНКА ПО ДОГОВОРОТ ЗА ЗАЕМ ЗА ФИНАНСИРАЊЕ НА ВТОРИОТ ПРОЕКТ ЗА УНАПРЕДУВАЊЕ НА СОЦИЈАЛНИТЕ УСЛУГИ

Член 1

Република Северна Македонија се задолжува кај Меѓународната банка за обнова и развој - Светска банка со заем во износ од 27.500.000 евра, наменет за реализација на Вториот проект за унапредување на социјалните услуги.

Член 2

Условите и начинот на користење на заемот од членот 1 од овој закон се утврдуваат со Договор за заем за финансирање на Вториот проект за унапредување на социјалните услуги, кој ќе се склучи меѓу Република Северна Македонија и Меѓународната банка за обнова и развој - Светска банка.

Во име на Република Северна Македонија, Договорот за заем од ставот 1 на овој член ќе го потпише министерот за финансии.

Член 3

Заемот од членот 1 од овој закон ќе се повлекува во транши, согласно со роковите и условите утврдени во Договорот за заем.

Рокот за отплата на секоја транша од заемот од членот 1 од овој закон е 11 години, со вклучен грејс-период од три години.

Каматната стапка е шестмесечен ЕУРИБОР со варијабилен распон.

По потпишувањето на Договорот за заем од членот 2 став 1 од овој закон Република Северна Македонија ќе ѝ плати на Меѓународната банка за обнова и развој - Светска банка еднократна провизија во износ од 0,25% од износот на заемот.

Република Северна Македонија ќе ѝ плаќа на Меѓународната банка за обнова и развој - Светска банка провизија во висина од 0,25% од неповлечениот дел од заемот на годишно ниво.

Член 4

Корисник на средствата од заемот од членот 1 од овој закон е Министерството за труд и социјална политика.

Член 5

Република Северна Македонија заемот од членот 1 од овој закон ќе го отплаќа од Буџетот на Република Северна Македонија.

Член 6

Овој закон влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.